МБА
Македонска Банкарска Асоцијација

ISSN 2671-3772

Април
2026
#20

Број 20 | април 2026 година

# КВАРТАЛЕН e-БИЛТЕН

**Македонска банкарска асоцијација** е асоцијативна членка на **Европската банкарска федерација**

EBF European Banking Federation

Содржина:

- ВОВЕД
  - д-р Маја Стевкова Штериева, претседателка на МБА
- ЗБОР ИМА
  - м-р Бујаре Абази, претседателка на Комисијата за хартии од вредност на РСМ
- ВО ФОКУС
  - Македонија на мапата на европските инстант плаќања - КИБС и новата генерација плаќања
  - Офицерите за заштита на личните податоци – чувари на довербата

## ВОВЕД

**Д-Р МАЈА СТЕВКОВА ШТЕРИЕВА,**
ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА



**Времињата се менуваат,
а и ние се менуваме со нив.**

Македонскиот банкарски сектор отсекогаш бил посветен на растот и развојот на целокупната економија и како таков има важна улога во поттикнувањето одржливи практики во државата. Преку финансирање проекти кои ги почитуваат еколошките и социјалните стандарди, банките го поддржуваат вложувањето во обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност, зелена инфраструктура и одржливо земјоделство.

Ова не е значајно само од аспект на намалување на ризиците поврзани со климатските промени, туку и за создавање нови деловни можности и креирање зелени работни места. Покрај тоа, истражувањата покажуваат дека зголемен број инвеститори ги насочуваат своите средства кон компании со силни ESG практики,

Продолжува на следната страница...

Април
2026
#20

Број 20 | април 2026 година

# КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација
ISSN 2671-3772

## ВОВЕД

додека потрошувачите, особено од помладата популација, сè повеќе преферираат производи од компании со развиена еколошка и социјална свест. Понатаму, дел од домашните компании чувствуваат и зголемен регулаторен притисок и барања за известување од оваа област. Дел од компаниите што извезуваат на пазарите во Европската Унија се засегнати од воведувањето на Механизмот за јаглеродно прекугранично приспособување (познат како CBAM) и обврските што тој ги наметнува. Оваа јаглеродна давачка на ЕУ засега опфаќа 6 групи на производи, со најава за потенцијално проширување на опфатот и на други сектори и производи.

Преку воведувањето зелени кредити, овозможувањето поволни услови за инвестициски проекти со ниски јаглеродни емисии, како и интегрирањето еколошки и социјални критериуми во процесите за кредитирање, банките ги поттикнуваат компаниите да воведуваат зелени технологии, да ги унапредат нивните одржливи практики и да бидат конкурентни на странските пазари. Покрај финансиската поддршка, банките им стојат на располагање на клиентите и за советодавна поддршка и изнаоѓање на најдобрите решенија за нивните потреби.

Патот до постигнување одржлива економија со ниски јаглеродни емисии е долг и исполнет со многубројни предизвици, но само со здружен напор на сите засегнати страни во општеството оваа цел може да биде постигната. Позитивен пример за соработка во областа на поттикнувањето и промовирањето на одржливите финансии во нашето општество е формирањето на **Комисијата за ЕСГ во Македонската банкарска асоцијација** во втората половина од 2023 година и нејзиното активно дејствување во изминатиот период. Во рамките на Комисијата, претставниците на сите деловни банки и други финансиски институции во државата заеднички работат на создавање поволна средина за премин кон зелена и одржлива економија и успешно управување со ризиците од ЕСГ. Плод на таа соработка е подготвениот ЕСГ прашалник за клиенти, на кој формираната работна група во рамките на Комисијата за ЕСГ напорно работеше изминатиот период.

Целта на ЕСГ прашалникот е да обезбеди сеопфатен преглед на напорите кои компаниите ги вложуваат во управување со еколошките, социјалните и управувачките фактори. Со пополнување на ЕСГ прашалникот

Продолжува на следната страница...

**Македонска банкарска асоцијација** е асоцијативна членка на **Европската банкарска федерација**

Содржина:

- СОРАБОТКА СО
  - Американска стопанска комора, АмЧам
- РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ
- ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ
- КОРИСНИ ЛИНКОВИ

Македонска Банкарска Асоцијација
ISSN 2671-3772
Број 20 | април 2026 година
Април 2026
#20

# КВАРТАЛЕН е-БИЛТЕН

Македонска банкарска асоцијација е асоцијативна членка на Европската банкарска федерација

## ВОВЕД

компаниите ќе може подобро да ги идентификуваат и да управуваат со ризиците од ЕСГ, да ги согледаат можностите за унапредување на сопствените одржливи практики и да постигнат повисок степен на транспарентност и одговорност. При подготовката на овој прашалник особено внимание беше посветено на неговата едноставна и практична примена, поради што беше остварена соработката со Македонското кредитно биро, кое ја имплементира идејата за целосно дигитализиран ЕСГ прашалник за клиентите. Преку платформата Мој.МКБ, компаниите едноставно, дигитално и без надомест можат да го пополнат својот ЕСГ прашалник. Она што би сакала да го потенцирам е дека овој прашалник е усогласен и унифициран за сите банки во банкарскиот систем, а клиентот има целосна контрола врз пристапот на банките до внесените податоци. Внесените податоци се заштитени и се користат единствено за целите на ЕСГ известувањето.

Секоја голема промена започнува со неколку мали чекори. Во Македонската банкарска асоцијација сме убедени дека овој ЕСГ прашалник е токму еден од тие мали, но значајни чекори кон одржлива иднина. ■

*Со почит,*

***д-р Маја Стевкова Штериева***
*претседателка на МБА*

**М-Р БУЈАРЕ АБАЗИ,**
ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

# Три децении развој како вредност, а не како бројка



Триесет години постоење на Македонската берза претставуваат хроника за пазар што се градел внимателно, чекор по чекор, во услови кои не секогаш биле поволни, туку често исполнети со транзициски предизвици, економски неизвесности и потреба од постојано приспособување, но и со јасна визија, истрајност и верба дека пазарот на капитал има суштинска улога во развојот на економијата. Во текот на овие три децении непобитен факт е дека Берзата опстојуваше низ сите времиња, без притоа да се држи настрана и да чека некој подобар амбиент, функционираше во различни општествени и економски околности, од периоди на стабилност и раст до фази на длабоки трансформации, при што остана редок пример на институција која не само што опстојува, туку активно влијае врз економските текови и ја обликува пазарната реалност. Македонската

Продолжува на следната страница...

берза е релативно зрела и отворена институција со фундаментална споделена визија, која постои во перспективите на инвеститорите, а не само во организациско-материјална смисла. Берзата е ресурс од кој денес и утре најголема потреба ќе имаат националната економија, акционерските друштва, акционерите и инвеститорите и сè повеќе станува извор на нови можности и потенцијали, кои креираат подобри економски односи и раст. Не само дома, туку и пошироко, таа е препознаена како модерна, професионална и кредибилна институција, со високо ниво на доверба кај јавноста и признат углед во меѓународните финансиски кругови. Знаете, јас пазарот на капитал го гледам како мост. Мост што ги поврзува идеите со можностите, компаниите со инвеститорите, сегашноста со иднината. Но, секој мост има вредност само ако е стабилен, ако му се верува и ако по него се движиме сигурно. Триесет години Македонска берза значат дека овој мост сме го изградиле. Нашата задача е да го зацврстиме, да го прошириме и да го направиме уште посигурен за сите што ќе поминат по него. И затоа ќе продолжиме да создаваме вредност што ќе трае - за економијата, за инвеститорите, и тоа поодлучно и пофокусирано.

## Довербата како темел, а не како претпоставка

Како регулатор, веруваме дека развојот на пазарот не е прашање само на правила, туку пред сè на доверба, дека регулативата не е ограничување, туку предуслов за стабилен и одржлив развој, и дека довербата не се добива однапред, туку се заслужува секојдневно – со работа, со доследност и со јасни вредности. Токму затоа Комисијата за хартии од вредност е насочена кон три клучни принципи – интегритет, заштита и одговорност – кои не смеат да останат декларативни категории, туку мора да бидат живи стандарди што се применуваат на пазарот. Вистинскиот предизвик не е да зборуваме за нив во време на криза, туку да останеме доследни кога системот функционира, бидејќи токму тогаш се гради довербата што ќе го одржи пазарот во иднина.

Во услови на неизвесност и динамични пазари, вредност не се создава преку краткорочни одлуки, туку преку дисциплина и јасна стратегија. Победува оној што најдолго останува доследен, а не оној што најбрзо реагира. Секоја инвестиција мора да биде внимателно усогласена со профилот на инвеститорот – со неговата толеранција на ризик, неговите финансиски цели и неговиот временски хоризонт. Само така се гради не само принос, туку и доверба – а довербата е најсилната валута на секој пазар.

Индустријата на инвестициски фондови во Република Северна Македонија испраќа јасен сигнал дека растот не е случаен, туку резултат на зголемена доверба и зреење на пазарот.

Денес, шест друштва за управување управуваат со 26 отворени инвестициски фондови, при што само во последниот квартал од 2025 година беа основани два нови фонда, што е показател за динамиката и потенцијалот на овој сегмент. На крајот од 2025 година нето-вредноста на средствата под управување достигна 29,3 милијарди денари, што претставува раст од 35,26 % на годишно ниво. Овој тренд продолжи и во првиот квартал на 2026 година, кога средствата под управување надминуваат 31,2 милијарди денари. За жал, глобалната неизвесност за само еден месец доведе нето-вредноста на фондовите да бележи пад од 4,06 %, со што се потврдува чувствителноста на пазарите на капитал.

## КХВ работи на нова Стратегија со поддршка од Европската комисија

Во пресрет на новата законска рамка за пазарот на капитал, која се очекува да започне со примена од октомври, започнавме со изработка на тригодишна Стратегија за регулаторно

Продолжува на следната страница...

институционално зајакнување со поддршка од Европската комисија. Очекуваме Стратегијата дополнително да го валоризира пазарот на капитал како важен сегмент од финансискиот сектор во една земја, чии компаративни предности се наоѓаат во можностите за финансирање на развојот на бизнисите, за подигнување на квалитетот на локалната и националната инфраструктура и погодностите за финансирање на иновациите.

Истовремено ќе продолжиме да градиме проактивен однос со сите субјекти на пазарот на хартии од вредност, независно дали тоа се: инвеститорите, брокерските куќи, берзата, депозитарот, инвестициските фондови или пак акционерските друштва кои котираат на берзата. Сите овие субјекти кога се сретнуваат со отворени прашања или, пак, имаат дилеми од секојдневното работење, бараат цврсти, дефинитивни одговори од Комисијата и доколку има потреба од дополнителни консултации во соработка со законодавната и со извршната власт, им излегуваме во пресрет и очекуваме дека токму ваквата комуникација и соработка ќе биде уште поинтензивна со стартот на новата законска легислатива.

## Иднината како обврска, а не како избор

И по три децении, слабата ликвидност на пазарот на хартии од вредност останува ограничувачки фактор, заедно со недостигот на „охрабрени" издавачи и од поголем број институционални инвеститори. Редизајнираната законска рамка и зајакнатата регионална позиционираност и интеграции на Македонската берза се очекува да придонесат кон надминување, или најмалку ублажување на овие предизвици.

Во таа насока, Меморандумот за координирана регулација и надзор на пазарите со регулаторите од Словенија, Хрватска, Романија, Полска, Унгарија, Бугарија, Словачка и Северна Македонија очекуваме да го потпишеме на 24 април во Словенија. Нашиот фокус останува на проактивен надзор, навремено препознавање на ризиците, поддршка на дигитализацијата и финансиските иновации, но и на нешто што е еднакво важно – градење информирана инвеститорска свест и навики, затоа што најголемата инвестиција не е само капиталот, туку знаењето, и невозможно е да се гради иднина со контури од минатото. Препознавајќи ја финансиската писменост како сè поважен двигател на пазарите на капитал, освен преку практичната настава, Комисијата се обидува да ги вклучи младите на пазарот на хартии од вредност и како истражувачи, а подоцна можеби и како инвеститори или учесници. Затоа спроведуваме Конкурс за Годишна награда за најдобар истражувачки труд, кој е во тек и на кој очекуваме учество на младите до 35-годишна возраст бидејќи токму тие се енергијата, инспирацијата и храброста за менување на состојбите.

Во периодот што следува Комисијата ќе продолжи со имплементацијата на меѓународните стандарди и добрите корпоративни практики, за постигнување европски и транспарентен пазар.

Во нашиот глобален свет, односите што ги градиме со IOSCO, регулаторите во регионот и со овластените учесници на пазарот на хартии од вредност го одредуваат нашиот просперитет. Секојдневните проблеми предизвикани од геополитичките притисоци со кои се соочуваме нема да дозволиме да нè оттргнат од нашата перспектива. ■

*Интервју со:*
**Горан Анастасовски**,
генерален директор на КИБС АД Скопје



# Македонија на мапата на европските инстант плаќања - КИБС и новата генерација плаќања

**Господине Анастасовски, Народната банка во септември минатата година ѝ издаде на КИБС дозвола за оператор на платен систем за инстант плаќања – нова и значајна фаза во развојот на националната платежна инфраструктура. Какво е значењето на овој чекор за домашниот финансиски систем и какви конкретни придобивки ќе имаат граѓаните, деловните субјекти и државата?**

- Издавањето на дозволата за оператор на систем за инстант плаќања претставува многу значаен чекор во еволуцијата на македонската платежна инфраструктура. Не станува збор само за технолошко унапредување, туку за создавање нова генерација на плаќања кои ја менуваат динамиката на движење на средствата во економијата.

Со инстант плаќањата парите практично се движат со брзината на информацијата — во реално време, 365 дена годишно и 24 часа во текот на денот. Ова ја трансформира улогата на плаќањата од административен процес во активен економски катализатор. За граѓаните тоа значи непосредност и целосна контрола врз сопствените финансии, за компаниите — ново ниво на ликвидност, предвидливост и оперативна ефикасност, а за услугите на државата — дигитализација и квалитативно подобрување на испорака на услугите.

На системско ниво ова е чекор кон финансиска инфраструктура која е поагилна, поконкурентна и подготвена за интеграција со европските платежни текови.

**Инстант плаќањата, освен што носат брзина, достапност и модернизација, имаат и поширок економски ефект – особено во делот на дигитализацијата и намалувањето на готовината во оптек. Како ја гледате нивната улога во унапредувањето на финансиската инклузија и зголемувањето на ефикасноста на економијата?**

- Инстант плаќањата создаваат услови финансиските трансакции да станат непречен и природен дел од секојдневните економски активности, што директно придонесува кон намалување на зависноста од готовина и кон поголема транспарентност на економските текови, односно намалување на сивата економија.

Продолжува на следната страница...

Нивната вистинска вредност се гледа во олеснувањето на пристапот до финансиски услуги. Кога плаќањата се брзи, едноставни и достапни во секое време, се намалуваат бариерите за учество во дигиталната економија.

Побрзата циркулација на средствата значи и поефикасна економија: капиталот не мирува, туку континуирано создава вредност. Токму затоа, инстант плаќањата треба да се гледаат како економска инфраструктура, а не само како платежна услуга.

**Новата централна платформа за инстант плаќања на КИБС овозможува поврзување на банките и на другите даватели на платежни услуги за реализација на трансакции во реално време. Но, како ќе изгледа ова од перспектива на крајниот корисник – потрошувачот, трговецот или државната институција? Дали од страна на КИБС се развиени дополнителни решенија или канали за поедноставено користење на инстант плаќањата во секојдневиетo?**

- Нашата визија е да обезбедиме домашен систем со целосна финансиска и оперативна независност на земјата во однос на националните плаќања, особено имајќи ги предвид глобалните случувања и неизвесниот тек на понатамошните настани. Истовремено, се залагаме за технологија која е моќна и безбедна во заднина, овозможувајќи поврзување со европските платежни системи.

Крајната цел е плаќањето да стане речиси невидлив процес и без дополнителна комплексност — едноставен, природен, брз, сигурен и интегриран во секојдневните дигитални навики на корисниците. За потрошувачот, било да е физичко лице или правен субјект, инстант плаќањето ќе значи трансакција завршена за неколку секунди, директно од мобилен уред, без комплексни процедури и без чекање. За трговците и државните институции тоа значи моментална наплата и подобрено управување со готовинските текови.

Покрај централната платформа, КИБС развива уште една која ќе поттикне иновации и ќе креира нова генерација на платежни услуги — плаќања со телефонски број, QR-решенија, дигитални плаќања на физички и онлајн продажни места, како и peer-to-peer плаќања што во развиениот свет се стандард и секојдневна практика. Платежните услуги од оваа платформа, банките и другите даватели на платежни услуги ќе ги испорачаат кон крајните корисници: потрошувачите и трговците/државните институции. Во таа насока платформата ја овозможува мобилната апликација СТРЕЛА, наменета за потрошувачи и трговци/државни институции, која овозможува едноставно иницирање и примање на инстант плаќања. Апликацијата ќе биде достапна за симнување преку мобилните продавници за апликации, по што корисникот ќе може лесно да ја поврзе со својата матична банка. Како опција кај некои банки, функционалностите на СТРЕЛА за потрошувачи, ќе може да се користат и преку нивните апликации за мобилно банкарство.

**Во свет каде што дигитализацијата на финансиските услуги се одвива со невидено темпо, како ја оценувате позицијата на Македонија и нејзините институции во процесот на трансформација? Кои се клучните приоритети за понатамошен развој и која е визијата на КИБС во градењето модерна, сигурна и целосно дигитализирана финансиска инфраструктура?**

- Македонија денес се наоѓа во фаза во која има реална можност да направи технолошки

Продолжува на следната страница...

„скок“ наместо постепена еволуција. Со стабилна регулаторна рамка, значајно ниво на експертиза и искуства собрани од технолошки поразвиените земји, како и поседување современа инфраструктура, земјата има капацитет да се позиционира како дигитално подготвен финансиски пазар во регионот и пошироко. Останува предизвикот на подобрување на меѓуинституционалната соработка, кој доколку брзо се надмине, резултатите ќе бидат евидентни.

Во следната фаза фокусот ќе биде на интероперабилност, отворени платформи, нови платежни услуги, напредна сајбер-безбедност и создавање услови за континуирани иновации. Платежната инфраструктура повеќе не е само поддршка на банкарството, туку станува темел на дигиталната економија.

Визијата на КИБС е јасна: да изгради доверлива, отпорна и интелигентна финансиска инфраструктура, која ќе овозможи плаќањата да се движат без бариери, ќе ги поврзува институциите, бизнисите и граѓаните во единствен дигитален екосистем и ќе ја поддржи долгорочната економска конкурентност на земјата.

**Неодамна ја најавивте конференцијата на EACHA – Европската асоцијација на клириншки куќи, која во мај годинава ќе се одржи во Скопје. Кои клучни теми ќе бидат во фокусот на конференцијата и кои прашања моментално се високо на агендата на европските клириншки куќи, за кои домашната стручна јавност ќе има можност да слушне и директно да дискутира како домаќин на овој значаен настан?**

- Конференцијата на EACHA (European Automated Clearing Houses Association) оваа година во Скопје носи исклучително актуелна и стратешки важна агенда, која директно ги рефлектира најновите трендови и предизвици во европскиот платежен екосистем.

Во фокусот на дискусиите ќе бидат, пред сè, инстант плаќањата и нивната интероперабилност на глобално ниво, со посебен осврт на поврзувањето на европските системи за инстант плаќања со оние во останатиот дел од светот. Темата за поврзување на платните системи за инстант плаќањата на глобално ниво (interlinking) и искуствата од конкретни пазари, како што се Nexus проектот и шпанската имплементација на OCT Inst шемата (One-Leg-Out instant credit transfer), ќе дадат практична перспектива за тоа како оваа соработка може ефикасно да се воспостави и скалира.

Дополнително, значаен дел од програмата е посветен на инстант плаќањата на продажни места (point of interaction), каде што преку панел-дискусија ќе се разгледуваат новите деловни модели и решенија што го трансформираат начинот на кој корисниците плаќаат во реално време – тема која е високо на агендата на европските клириншки куќи.

Меѓу клучните приоритети се и:
- примената на услугата за верификација на примач кај плаќањата (Verification of Payee);
- зголемување на безбедноста на платните системи преку напредни механизми за мониторинг и спречување измами во реално време;
- примената на вештачка интелигенција во платежната индустрија, како двигател на ефикасност, подобро корисничко искуство и управување со ризици;

Продолжува на следната страница...

- улогата на клириншките куќи во создавање вредност за општеството.

Особено е значајно што конференцијата ќе понуди и конкретни национални искуства, што ќе овозможи споредбена анализа и извлекување применливи заклучоци за домашниот контекст.

За домашната стручна јавност, ова претставува уникатна можност не само да се запознае со најновите европски практики, туку и директно да дискутира со водечките експерти и оператори на платни системи, во време кога трансформацијата кон инстант и дигитални плаќања станува клучен приоритет и за нашиот пазар.

Со други зборови, конференцијата не е само платформа за размена на знаење, туку и стратешки момент за позиционирање во рамките на европската платежна инфраструктура.

**Кажете ни нешто повеќе за профилот на предавачите и учесниците на конференцијата, и од кои земји доаѓаат?**

- Конференцијата на EACHA се карактеризира со исклучително висок профил на говорници и учесници, што ја позиционира како еден од најрелевантните настани во европската платежна индустрија. Предавачите доаѓаат од водечки европски клириншки куќи, платежни шеми, меѓународни компании, консултантски организации и други асоцијации, како и од институции кои имаат клучна улога во развојот на платните системи и платежните услуги.

Меѓу нив се вклучени високи менаџери, платежни експерти, експерти за дигитална трансформација, управување со ризици и иновации, кои активно учествуваат во креирањето на европската платежна агенда. Присутни се и претставници на водечки иницијативи и платформи за инстант плаќања, што овозможува директен увид во најсовремените решенија и трендови.

Дополнително, конференцијата собира близу 200 учесници од дури 30 европски земји, што обезбедува силна меѓународна димензија и разновидност на перспективи. Оваа широка географска застапеност овозможува размена на искуства помеѓу зрели и развојни пазари, како и отворање дискусија за усогласување на националните системи со европските иницијативи.

Ваквиот состав на говорници и учесници не само што гарантира квалитетна експертска дебата, туку и создава одлични можности за вмрежување, партнерства и понатамошен развој на платежниот екосистем, како на европско така и на регионално ниво. ■



*Пишува:*
**Мануела Станоевска Стоилковска**,
заменик-претседавач на Комисија за заштита на лични податоци при МБА,
офицер за заштита на личните податоци во Халк банка АД Скопје

# Офицерите за заштита на личните податоци – чувари на довербата

Во финансискиот сектор несомнено важно средство (asset) за функционирање претставуваат личните податоци. Креирањето производи и услуги, склучувањето договори, извршувањето платежни трансакции, овозможувањето на платните инструменти... не би биле возможни без обработка на лични податоци.

Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) ја уредува заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци, правата на субјектот на личните податоци, положбата на контролорот и обработувачот, преносот на личните податоци во други држави, посебните операции на обработка на личните податоци, правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците, супервизијата над заштитата на личните податоци, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Со транспонирањето на General Data Protection Regulation (GDPR) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот на ЕУ во домашното законодавство, во Законот за заштита на личните податоци донесен 2020 година, се создаде добра основа за компаниите да имаат полесен пристап до глобални услуги и клиенти, конкурентност на европскиот пазар, правна сигурност и зајакнување на довербата од европските партнери.

Со Законот за заштита на личните податоци е утврдена и обврска за определување на овластено лице за обработка на личните податоци – офицер за заштита на личните податоци.

Ако за најголемиот дел од европските држави обврската за определување офицер за заштита на личните податоци претставуваше револуционерно решение, за македонското законодавство беше само еволуција на веќе воспоставена законска обврска и практика. Имено, обврската за определување офицер за заштита на личните податоци не е новина во нашата држава, од причина што за разлика од голем број европски држави оваа обврска во нашето законодавство беше воведена во 2010 година, со измените и дополнувањата на претходниот Закон за заштита на личните податоци (донесен 2005 година).

Согласно оваа законска обврска во РС Македонија, компаниите и институциите определија офицери за заштита на личните податоци кои се регистрираа во Централниот регистар на збирки на лични податоци преку веб-страницата на Дирекцијата за заштита на личните податоци – ДЗЛП (надзорниот орган) и беше воспоставена мрежа на офицери за заштита на личните податоци. Од страна на банките, во најголемиот број од случаите за офицери за заштита на личните податоци беа определени лицата одговорни за сигурност на информативните системи (ОСИС), по што од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци беа дадени насоки

Продолжува на следната страница...

за разделување на оваа улога поради (според мислењето на ДЗЛП) судир на интереси помеѓу исполнувањето на двете улоги (ОСИС и офицер за заштита на личните податоци), но несомнена е потребата за нивна меѓусебна постојана соработка.

Со донесувањето на новиот Закон за заштита на личните податоци во однос на дотогашните решенија утврдени со претходниот закон, дополнително се дефинираа положбата на офицерот за заштита на личните податоци, работните задачи и неговата улога, како и условите и критериумите што треба да ги исполнува лицето за да може да биде определено за офицер за заштита на личните податоци.

Компаниите и институциите (контролорите) имаат обврска да ја известат Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) за определувањето на офицерот за заштита на личните податоци (како и јавно да ги објават контакт-податоците на офицерот, најчесто на нивните веб-страници), при што АЗЛП ги внесува во евиденцијата за офицери за заштита на личните податоци, која се објавува на нејзината веб-страница (ова решение го заменува претходното пријавување во Централниот регистар на збирки на лични податоци).

**Определување овластено лице за заштита на личните податоци**

Имајќи ги предвид утврдените критериуми во член 41 став (1) точка (б) од ЗЗЛП, банките (контролори) имаат обврска да определат офицер за заштита на личните податоци (кога: „основните активности на контролорот или обработувачот се состојат од операции за обработка, кои поради својата природа, опсег и/или цели, бараат во голема мера редовно и систематско следење на субјектите на лични податоци). Според мислењето на Работната група 29 (WP 29) при утврдувањето на поимот „Обработка на лични податоци во голема мера“ (односно дали процесите за обработка на личните податоци се од голема мера), треба да се имаат предвид особено следните критериуми:

- Бројот на субјекти на лични податоци на кои се однесува обработката;
- Обемот на податоци и/или опсегот на различни категории на лични податоци кои се обработуваат;
- Временскиот период на активностите за обработка (дали е временски ограничен или е траен);
- Географската распространетост на обработката (дали е на едно или повеќе места, една или повеќе држави...).

А притоа поимот „Редовно и систематско следење на субјектите на лични податоци“ ги вклучува сите форми на следење и профилирање на интернет, вклучувајќи ги и целите на рекламирањето базирано на однесувањето на корисникот (профилирање). Треба да се има предвид дека поимот следење не е ограничен само на онлајн околината. Согласно мислењето на Работната група 29, поимот „редовно“ има едно или повеќе од следните значења:

- тековни активности или активности што се случуваат во одредени интервали за одреден период;
- повторувачки или активности кои се повторуваат во фиксни времиња; и
- активности што се случуваат постојано или периодично.

Исто така, согласно мислењето на Работната група 29, поимот „систематско“ има едно или повеќе од следните значења:

- **активности** што се појавуваат според системот (систематски);
- **активности** што се претходно договорени, организирани или методички;
- **активности** што се случуваат како дел од генералниот план за собирање на податоци; и
- **активности** што се спроведуваат како дел од одредена стратегија (на пример, управување со

Продолжува на следната страница...

телекомуникациската мрежа; обезбедување телекомуникациски услуги; е-пошта за повторно враќање; профилирање и оценување за целите на процена на ризик - на пр., за цели на анализа на кредитен ризик, утврдување премии за осигурување, спречување измами, откривање перење пари; следење локација - на пример од мобилни апликации; програми за лојалност; рекламирање базирано на начинот на однесување на корисникот; видеонадзор).

**Што значи поимот „Основни активности на контролорот или обработувачот"?**

Основните активности на контролорот, односно обработувачот, треба да се разберат како клучни операции за постигнување на целите на контролорот или обработувачот. Под овој поим се подразбираат сите процеси каде што обработката на личните податоци претставува неразделен дел од активностите на контролорот или обработувачот.

**Кој може да биде офицер за заштита на личните податоци?**

Согласно ЗЗЛП, за офицер за заштита на личните податоци се определува лице кое:

- ги исполнува условите за вработување определени со ЗЗЛП и со друг закон,
- активно го користи македонскиот јазик,
- во моментот на определувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- има завршено високо образование
- има стекнати знаења и вештини по однос на практиките и прописите за заштита на личните податоци, согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Практично, пропорционално на тоа колку е посложен пејзажот на обработка на лични податоци во контролорот, толку повеќе знаења и вештини по однос на практиките и прописите за заштита на личните податоци треба да поседува офицерот за заштита на личните податоци, за да може да придонесе/да му помогне на контролорот да ги усогласи процесите на обработка на личните податоци со начелата и правилата од прописите за заштита на личните податоци.

**Положба на офицерот за заштита на личните податоци**

Согласно член 42 од Законот за заштита на личните податоци, контролорот и обработувачот се должни да обезбедат дека офицерот за заштита на личните податоци на соодветен начин и навремено е вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци.

Оттука произлегува дека офицерот за заштита на личните податоци навремено, како и пред отпочнување со обработка на лични податоци за планиран процес/активност, пред набавување на опрема и системи преку кои ќе се врши обработка на личните податоци, ги дава своите согледувања, насоки и совети во однос на правилата и условите за усогласеност на предметната обработка (особено со начелата од член 9 од ЗЗЛП), како и усогласеноста на опремата, системите, апликациите со правилото за техничка и интегрирана заштита на личните податоци (data protection by design and by default).

Понатаму, согласно ЗЗЛП, контролорот и обработувачот имаат обврска да му обезбедат поддршка на офицерот за заштита на личните податоци при извршувањето на работите кои ги врши офицерот, обезбедувајќи му ресурси неопходни за извршување на тие работи и пристап до личните податоци и операциите на обработка, како и одржување на неговото стручно знаење.

Имајќи ги предвид сложените банкарски системи, контролорот треба да му обезбеди поддршка на офицерот за заштита на личните податоци, на пр., преку тим (ОЕ за заштита на личните податоци), кој ќе соработува со другите организациски единици на контролорот (на пр., со посебно назначено

Продолжува на следната страница...

лице од секоја ОЕ), при усогласувањето на активностите на обработка на личните податоци со прописите за заштита на личните податоци.

Во ЗЗЛП, исто така, е утврдено дека контролорот и обработувачот се должни да гарантираат дека офицерот за заштита на личните податоци нема да добива никакви упатства од највисокото раководно ниво на контролорот или обработувачот во однос на извршувањето на неговите работи. Офицерот за заштита на личните податоци директно одговара пред највисокото раководно ниво на контролорот или обработувачот. Оваа одредба воспоставува некои основни гаранции за да се обезбеди дека офицерите за заштита на личните податоци се способни да ги извршуваат своите задачи со доволен степен на автономија во рамките на нивната организација, со акцент дека од контролорите/обработувачите се бара да обезбедат дека офицерот „не добива никакви инструкции“ во врска со извршувањето на (неговите) задачи.

Од друга страна, ова значи дека контролорите/обработувачите треба да определат офицери за заштита на личните податоци кои имаат знаење, капацитет и интегритет да се справат со предизвиците што произлегуваат од обврската за усогласеност со прописите за заштита на личните податоци.

За контролорите, ова претставува сериозен предизвик имајќи го предвид фактот дека во државата нема голем број лица што имаат солидни познавања и практика од областа на заштита на личните податоци.

### Работи што ги врши офицерот за заштита на личните податоци

Во Законот за заштита на личните податоци е утврдено дека офицерот за заштита на личните податоци ги врши следните работи:

- ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените што вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
- ја следи усогласеноста со овој закон, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење ревизии за заштита на личните податоци;
- каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и го следи извршувањето на процената;
- соработува со Агенцијата за заштита на личните податоци;
- дејствува како контакт-точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од ЗЗЛП, како и советување според потребите за сите други прашања;
- при извршувањето на своите работи, офицерот за заштита на личните податоци ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката.

Понатаму, офицерот за заштита на личните податоци претставува контакт-точка за сите прашања поврзани со обработката на личните податоци и го управува процесот на постапување со барањата за остварување на правата од ЗЗЛП, а поднесени од физичките лица (субјекти на лични податоци), дава совети при вршењето пренос на лични податоци во други држави (како и при изработка на соодветните договори за пренос, TIA – transfer impact assessment), дава совети и насоки при изработувањето на тестовите/процените на легитимен интерес, учествува при изборот и управувањето со обработувачите...

Продолжува на следната страница...

Особено во ЗЗЛП е акцентирана потребата од давање совети од офицерот за заштита на личните податоци по однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и следењето на извршувањето на процената. Офицерот со своето знаење и искуство има обврска да им помогне на ОЕ при правењето на процената на влијанието на заштитата на личните податоци на предвидените операции на обработката во однос на заштитата на личните податоци, со цел усогласениот на обработката на личните податоци и примена на соодветни технички и организациски мерки за обезбедување соодветно ниво на безбедност на личните податоци, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување („интегритет и доверливост").

Исто така, акцент е даден и во однос на вклученоста на офицерот за заштита на личните податоци, во случаи на постапувањето при нарушување на безбедноста на личните податоци (вклучително и при известувањето на АЗЛП и/или субјектите на лични податоци).

Значајна улога има офицерот и при изработувањето на анализата/процената на ризиците поврзани со обработката на личните податоци, согласно новиот Правилник за безбедност на обработката на личните податоци на АЗЛП, како и при имплементацијата на одредбите од овој Правилник.

Офицерот за заштита на личните податоци ги изработува процедурите/политиките кои директно произлегуваат од ЗЗЛП, како и дава мислења, насоки, совети за усогласеност на други процедури/политики со прописите за заштита на личните податоци.

Секако, важна е и улогата на контакт-точка помеѓу: банката/финансиската институција и АЗЛП (супервизии, консултации, соработка...); банката/финансиската институција и клиентите (физички лица) во однос барања за остварување на правата од ЗЗЛП и помеѓу банката/финансиската институција (раководството) и вработените во однос на заштитата на личните податоци.

Широк е опсегот на работите што офицерот за заштита на личните податоци ги врши согласно ЗЗЛП, согласно кои офицерот за заштита на личните податоци во банката/финансиската институција има четири клучни улоги:

- советодавна (ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените што вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП)
- контролна (вршење ревизии)
- едукативна (обуки за подигнување на свесноста за заштита на личните податоци)
- контакт-точка со Агенцијата за заштита за заштита на личните податоци и со физичките лица кои поднесуваат барања за остварување на своите права согласно ЗЗЛП.

Со извршувањето на своите улоги/задачи, офицерот за заштита на лични податоци, од една страна, придонесува кон усогласено работење на контролорот со прописите за заштита на личните податоци, што истовремено претставува и заштита од глоби (утврдени во ЗЗЛП) за непостапување според овие прописи, а од друга страна, придонесува кон правилна, безбедна и законита обработка на личните податоци, заштита на правата и слободите на граѓаните кои се утврдени со ЗЗЛП, што имплицира на квалитетни и безбедни услуги кои ја зголемуваат довербата на клиентите.

**Да резимираме**

Банкарскиот сектор во РС Македонија е високо правно регулирана област, а покрај многубројните обврски што произлегуваат од регулативата за банкарско работење, има обврска за усогласеност и со прописите за заштита на личните податоци.

Одговорноста за усогласено работење со прописите за заштита на личните податоци е на банката (контролорот), но сите вработени имаат должност да постапуваат согласно прописите за заштита на

Продолжува на следната страница...

личните податоци. Офицерот за заштита на личните податоци ја има клучната улога во помагањето (преку совети, ревизии, едукација...) на контролорот да ги исполни своите обврски од комплексната и грамадна регулатива за заштита на личните податоци. Од друга страна, офицерот има важна улога во создавањето доверлив и функционален систем за заштита на личните податоци во насока на целосно спроведување техничка и интегрирана заштита на личните податоци (data protection by design and by default) при животниот циклус на личните податоци.

Со незапирливиот развој на технологиите и новите технички решенија, дигитализацијата и дигиталната трансформација на услугите (и општеството), особено рапидниот напредок на вештачката интелигенција, сè повеќе се зголемува важноста на улогата на офицерот за заштита на личните податоци за обезбедување услуги кои се истовремено доверливи, ефикасни и ефективни.

Банките вложуваат во најсовремени технологии кои обезбедуваат безбедност на обработката на личните податоци на клиентите, постапувајќи по највисоките стандарди за заштита на личните податоци, користејќи искуства и практики за обезбедување сигурност и доверба на клиентите.

Офицерите за заштита на личните податоци, за да можат квалитетно и соодветно да ги исполнуваат своите задачи, несомнено треба да имаат солидни познавања на целокупната легислатива во РС Македонија, познавања на стандардите за информациска сигурност и управување со ризици, солидни познавања на регулативата и практиките од областа, познавања на регулативите и практиките од европското законодавство и одлични познавања на прописите за заштита на личните податоци. Исто така, офицерите за заштита на личните податоци треба да поседуваат и солидни комуникациски вештини, познавање на практиката за вршење ревизии и обучувачки вештини.

Покрај теоретското знаење, за да можат офицерите за заштита на личните податоци да се справат со предизвиците од автоматизирана обработка на личните податоци, притоа не занемарувајќи ги и ризиците од рачната обработка на обемните количини лични податоци, неопходно е да имаат и практично искуство во справувањето со конкретни случаи од оваа комплексна област.

При воспоставување деловен однос со банките (контролорите), граѓаните им ги доверуваат своите финансии (на пр., депозити), желби и планови (преку барања за кредити), своите лични податоци, но и својата доверба.

Покрај поддршката од највисокото раководство и заемната соработка на сите вработени, офицерите за заштита на личните податоци се битен фактор за градење и одржување на културата на заштита на личните податоци за безбедна дигитална трансформација на услугите што ги обезбедуваат банките и усогласено работење со прописите за заштита на личните податоци. Исто така, тие претставуваат и важен партнер за градење на довербата и сигурноста на клиентите.

Затоа, потребно да се акцентира дека офицерите за заштита на личните податоци претставуваат еден од столбовите на институционалниот интегритет и се чувари на довербата во банките. ■

АМЧАМ

# Американска стопанска комора

Американската стопанска комора во Северна Македонија (АмЧам) е независна, непрофитна бизнис-асоцијација која повеќе од 25 години активно придонесува кон унапредување на деловното опкружување, поттикнување на инвестициите и поддршка на економската интеграција на земјата во европските и трансатлантските текови. АмЧам ги застапува интересите на своето членство преку иницирање дијалог, давање препораки за јавни политики и поддршка на реформските процеси што водат кон интегрирана и конкурентна економија.

АмЧам обединува околу 150 компании од различни сектори – компании со американски капитал, како и домашни и меѓународни компании кои работат според високи деловни стандарди. Овие компании обезбедуваат вработување за повеќе од 42.000 лица и остваруваат годишен приход повисок од 9 милијарди американски долари, што ја позиционира Комората како релевантен и кредибилен глас на бизнис-заедницата.

Американската стопанска комора во Северна Македонија е акредитиран член на Стопанската комора на Соединетите Американски Држави и на мрежата на Американски стопански комори во Европа (AmChams in Europe), која обединува 49 комори од 47 земји. Преку оваа мрежа се застапуваат интересите на повеќе од 17.000 компании кои вработуваат над 20 милиони луѓе и генерираат значајни трансатлантски инвестиции.

Работата на АмЧам е водена од стратегијата „Getting Ready for the EU Single Market – Agenda 2024–2028“, која има цел да ја поддржи подготовката на компаниите и економијата за функционирање во рамките на Единствениот европски пазар. Стратегијата ги дефинира клучните приоритети: владеење на правото, економска интеграција, зелена транзиција, дигитализација, развој на човечки капитал и здравство.

Во рамки на овие приоритети ESG (Environmental, Social, Governance) претставува една од најдинамичните области на дејствување на АмЧам. Комората е првата бизнис-асоцијација во земјата која, заедно со своите членки, започна системски да ја отвора оваа тема, третирајќи ја како интегриран концепт што ги опфаќа животната средина, општествената одговорност и корпоративното управување. Во таа насока, уште во 2021 година беше формиран ESG Комитет, кој претставува платформа за координирана работа на компаниите и следење на развојот на европските политики и стандарди.

Продолжува на следната страница...

# СОРАБОТКА СО




АмЧам своите ESG активности ги развива преку јасно структуриран пристап кој комбинира анализи, дијалог и практична поддршка. Во изминатиот период беа спроведени две истражувања за подготвеноста на компаниите и нивото на разбирање на ESG принципите, како основа за креирање активности. Паралелно, Комората организира три национални конференции посветени на ESG, како и една регионална конференција во соработка со АмЧам Србија и АмЧам Албанија, која овозможи размена на искуства и споредба на нивото на подготвеност на македонските компании во споредба со компаниите од регионот.

Овие активности се надополнуваат со континуирана работа преку едукативни сесии, обуки и тематски дискусии со компаниите, но и со институциите, со цел да се обезбеди заедничко разбирање на обврските кои произлегуваат од европската регулатива. Во овој процес АмЧам активно ги адресира и регулаторните аспекти на ESG, вклучително и клучните механизми како CBAM, обезбедувајќи канал за усогласување на ставовите на бизнис-заедницата и нивно пренесување до институциите и другите чинители.

Работата на АмЧам во оваа област се реализира и преку соработка со релевантни меѓународни партнери, вклучително и Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), Центарот за меѓународно приватно претприемништво (CIPE) и Global Green Growth Fund (GGF), како и преку активна вклученост во регионални иницијативи и дијалози со европски институции.

Во овој контекст, соработката со Македонската банкарска асоцијација (МБА) има особено значење. Банкарскиот сектор има клучна улога во промовирањето и практичната примена на ESG принципите, особено преку интеграција на ESG критериумите во процесите на финансирање. Иницијативите на МБА, вклучително и воведувањето на ESG прашалникот, претставуваат важен чекор во оваа насока. Темата за потребата од ваков инструмент беше отворена во рамките на ESG Комитетот на АмЧам, при што Комората беше вклучена во консултативниот процес, со цел да се обезбеди усогласување со реалните потреби на компаниите.

Дополнително, преку соработката со Македонската берза, од 2024 година се доделуваат признанија за добри ESG практики, со цел да се поттикне примена на овие принципи и да се препознаат компаниите што ги интегрираат ESG стандардите во своето работење.

Во оваа насока, квалитетното корпоративно управување има клучна улога во поттикнување на економскиот развој и зајакнување на конкурентноста на компаниите и економијата во целина. Принципите на транспарентност, отчетност и одговорно управување сè повеќе стануваат предуслов за пристап до пазари, капитал и партнерства. Практиката покажува дека напредокот во оваа област не може да се постигне изолирано. Соработката помеѓу бизнис-асоцијациите, институциите и компаниите е од суштинско значење за градење заеднички пристап, размена на знаења и усогласување со европските стандарди, со цел создавање предвидлива и конкурентна бизнис-средина. ■

# РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ОБУКА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА НОВИОТ УНИФИЦИРАН ЕСГ ПРАШАЛНИК



▪ Македонската банкарска асоцијација (МБА), во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, организира презентација и обука за пополнување на новиот унифициран ЕСГ прашалник, наменета за компаниите од реалниот сектор. Настанот се одржа во просториите на Стопанската комора и претставува дел од заедничките активности за поддршка на компаниите во процесот на интегрирање одржливи и одговорни деловни практики.

Прочитај повеќе...

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ ЕСГ ПРАШАЛНИК ПРЕД КОМПАНИИТЕ ЧЛЕНКИ НА АМЕРИКАНСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА



▪ ИМакедонската банкарска асоцијација (МБА), во соработка со Американската стопанска комора во Северна Македонија (АмЧам), одржа презентација и обука за пополнување на новиот ЕСГ прашалник, наменета за компаниите од реалниот сектор. Настанот се одржа во просториите на АмЧам и претставува дел од активностите за поддршка на компаниите во процесот на интегрирање одржливи и одговорни деловни практики.

Прочитај повеќе...



## ЗАПОЧНУВА ПРИМЕНАТА НА ПРВИОТ УНИФИЦИРАН НАЦИОНАЛЕН ЕСГ ПРАШАЛНИК ЗА КОМПАНИИТЕ

▪ Ве известуваме дека преку ЕСГ комисијата при Македонската банкарска асоцијација, со решение од Македонското кредитно биро, изработен е првиот унифициран национален ЕСГ прашалник наменет за сите компании во Република Северна Македонија, кој ќе се применува од 1.4.2026 година.

Прочитај повеќе...

## ДАРИЈА БОРИЗОВСКА И САРА МИЛКОВСКА ОД СЕПУГС „ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН“ – СКОПЈЕ СЕ НАЦИОНАЛНИТЕ ШАМПИОНИ НА ЕВРОПСКИОТ КВИЗ ЗА ПАРИ 2026



▪ На 19 март 2026 година се одржа финалето на националниот натпревар Европски квиз за пари 2026. Под менторство на професорката Билјана Ниновска, ученичките Дарија Боризовска и Сара Милковска ја освоија првата награда на овогодишниот национален натпревар „Европски квиз за пари“, во организација на Македонската банкарска асоцијација (МБА), со поддршка од Народната банка и Комисијата за хартии од вредност.

Прочитај повеќе...



## ОДРЖАН РАБОТЕН СОСТАНОК ЗА MICRES ПРОЕКТОТ ВО МАЛТА

▪ Македонската банкарска асоцијација со гордост учествува во европскиот проект MiCreS, придонесувајќи кон развојот на иновативни микроквалификации во банкарскиот и финансискиот сектор.

Прочитај повеќе...

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација

КВАРТАЛЕН
е-БИЛТЕН

Април
2026
#20

# ЕДУКАТИВНО КАТЧЕ



## ОДРЖАН СЕМИНАР НА ТЕМА ˝EARLY WARNING SIGNALS AND PROBLEM LOAN WORKOUT˝

▪ На иницијатива на претседавачот и заменик-претседавачот на Комисијата за финансиско реструктурирање на корпоративен долг, г-ѓа Златица Цивкароски и г-ѓа Михаела Атанасова-Стоичовска, а во организација на Одделението за едукација при МБА, на 5 февруари 2026 година беше одржан семинар на тема „Early Warning Signals and Problem Loan Workout“. Предавач на семинарот беше Juan Gamecho од JBS Training, експерт со меѓународно искуство во областа на управување со кредитен ризик и проблематични кредити.

Прочитај повеќе...



## ОДРЖАНА ТРЕТА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЕСГ ПРАШАЛНИКОТ

▪ На 26 март 2026 година, во просториите на Македонската банкарска асоцијација, беше реализирана и третата работилница посветена на ЕСГ прашалникот, организирана од страна на Комисијата за ЕСГ при МБА.

На работилницата присуствуваа повеќе од 40 претставници од банките членки на МБА, додека работните сесии овој пат ги модерираа претставници од работната група која учествуваше во изработката на прашалникот – г-ѓа Сања Гичевска Докмановиќ и г. Владимир Ѓуровски, како и претседавачот и заменик-претседавачот на Комисијата, г. Богоја Китанчев и г-ѓа Маја Ставрева Стојанова. На самиот крај на работилницата, Македонското кредитно биро ја презентира техничката платформа која ќе се користи за имплементација на ЕСГ прашалникот во рамките на банкарските процеси.

Прочитај повеќе...



## ОДРЖАНА ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „МЕХАНИЗМИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА“

▪ Во рамките на Комисијата за документарно работење, а во соработка со Стопанската комора на РСМ, преку ангажманот на г-ѓа Антонета Манова Ставреска, проектен менаџер во оваа институција, на 17.3.2026 се реализира работилница на тема „Механизми за осигурување на трговијата“.

Прочитај повеќе...

## КОРИСНИ ЛИНКОВИ

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
https://www.nbrm.mk/

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
https://finance.gov.mk/

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
https://www.sec.gov.mk/

**МАКЕДОНСКА БЕРЗА**
https://www.mse.mk/

**ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**
http://www.cdhv.mk/

===============

**АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
https://ecommerce.mk/

**ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
https://opm.org.mk/

===============

**ЕВРОПСКА БАНКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА** / EBF-EUROPEAN BANKING FEDERATION
https://www.ebf.eu/

**БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА на ЦЕНТРАЛНА и ИСТОЧНА ЕВРОПА** / BACEE - BANKING ASSOCIATION FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE
https://bacee.hu/

*Ставовите искажани во овој билтен се лични ставови на авторите. МБА не презема никаква одговорност за веродостојноста и оригиналноста на доставените текстови.

Издава:
Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење **МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА** Скопје

МБА
Македонска Банкарска Асоцијација

*Главен и одговорен уредник:*
**Милена Перчинкова**,
извршен секретар

*Лектор:*
**Ивана Кузманоска**

**МБА Е-билтен,**
9.4.2026

ISSN 2671-3772

Април
2026
#20